РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0901-115/1
09.01.2025 год.

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА (ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПРИ ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ) ЗА ПЕРИОДОТ :ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

Дел. Бр. 0901-115/1

Датум: 09.01.2025

Место: Свети Николе (м.п.)

Даниела Панева
[име и презиме]
Раководител на одделение за инспекциски надзор-Виш инспектор

[потпис]

**Резиме**

[Резимето содржи кус приказ на сите поглавја од годишниот извештај, со приказ на најважните информации, прикажани на најмногу една страница.]

Врз основа на Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019) член 35 од овој Закон, Раководителот на инспекциската служба (одделение за инспекциски надзор), донесува полу/годишен извештај за работа на одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, односно за период од Јануари - Јуни најдоцна до 15 Јули за тековната 2024 година, односно најдоцна до 15 Јануари следната година како известување за периодот Јули-Декември 2024, кој годишен извештај се објавува на веб страната на општина Свети Николе.

Во полугодишниот извештај за периодот Јули-Декември за 2024 година се презентирани активностите на инспекторите вработени во одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе за текот на втората половина на 2024 година. Со предходно предвидени со годишната програма, инспекциски надзори се реализираа на терен, секој инспектор од областите за кои има надлежност за постапување, а се во согласност со ЗИН.

Инспекторите од одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, во текот на периодот Јули-Декември за 2024 година ги извршуваа следниве задачи:

- вршеа инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со законот за инспекциски надзор и другите прописи, подзаконски акти и според законите од областите во кои се постапува.
- вршеа инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со закон и други прописи и одлуките на Општина Свети Николе,
- донесуваа решенија врз основа на предходни направени инспекциски надзори
- вршеа анализа на одредени состојби во општината, во градот и руралните средини во општина Свети Николе
- соработуваа со Полициска станица Свети Николе, државни инспектори, ОЈО, судство, Народен правобранител, Второстепена комисија, Агенција за администрација и други инситуции, органи и тела на локално и национално ниво
- соработуваа со Инспекциски Совет
- соработуваа со Градоначалникот и Советот на општина Свети Николе
- соработуваа со државниот управен инспекторат
- соработуваа со граѓански организации
- соработуваа со други инспекциски служби од ВПР и национално ниво
- вршеа други работи според потребите, согласно материјалните закони.

## Управување со ризици

[Делот управување со ризици содржи преглед на остварените ризици за планирање на инспекцискиот надзор, начините на кои инспекциските служби ги надминувале предизвиците, како и евентуални промени во состојбите со проценетите ризици.]

Управување со ризиците во текот на цела 2024г одина, во однос на реализирање на тековните активности имаше во првата половина за време на изборниот процес. Во месец Април/Мај 2024 година како дополнителни ризици кои имаа негативно влијание врз предвиденото спроведување на инспекциските надзори во општина Свети Николе според годишниот план/програма се појавија при реализација на претседателските и парламентарните избори во кои беа избрани двајца инспектори како членови во ОИК. Во текот на втората половина, единствено ризик за вршење на работните задачи со предходно доставени месечни планови за работа имаше само кај градежниот инспектор, кој останал на годишен одмор без предходно да информира за тоа и без да побара и добие согласност од својот раководител со цел да се испланира месечниот план за работа. Од средината на месец Декември 2024 година градежниот инспектор, непостапувајќи професионално, почнал да ги користи деновите за годишен одмор, а продолжувајќи со новиот одмор за 2025година се до почеток на користење на правото за пенција, затоа работата од областа на градежништво на почетокот имаше мал застој, но сепак со консултации со градоначалник, секретар, инспекциски совет и државниот градежен инспекторат, продолжи да работи ефективно со цел новите поднесоци/барања и нови иницијативи од странки од оваа област бидат примени и по однос на истите им се овозможи правото да бидат разгледани нивните барање . Во втората половина на извештајниот период и во текот на цела 2024 година останатите инспектори од одделнеието имаа континуирана координација со раководителката со цел обезбедување на планираните месечни надзори се одвиваат според годишната програма. Беше направена проценка на тековната состојба и се постапуваше според настанатите потреби, при што инспекциските вонредни надзори се вршеа по основ на поднесените пријави односно барања/иницијативи од странки, со цел да немаше застој во работата. Раководителката на одделението ги консултираше странките во однос на нивните барања дека тековно ќе бидат разгледани и во најбрз рок ќе биде постапено по истите.

Според годишната програма, за сите инспектори од областите кои ги третираа: животна средина, комуналии и градежништво, во програмата за работа во 2024година имаше предвидено спроведување на вкупно 70 инспекциски надзори, распоредни по месеци во индивидуалните месечни планови. Поради изборите во првата половина од говината, двајца од инспекторите, поради вклученост во ОИК беа од ДИК ослободени од секојдневните работни обврски, па затоа и во текот на тие месеци поретко испаѓаа на терен, додека во втората половина инспекциските надзори се одвиваа регуларно со редовно вршење на инспекциските надзори, по службена должност и по поднесени поднесоци од странките

## Организација и раководење

[Делот организација и раководење содржи кус приказ на промените и состојбите во инспекциските служби во однос на: (а) правниот статус, (б) раководството, (в) надлежностите, (г) организациската структура и (д) состојбата со човечките ресурси ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања и број на инспектори кои вршеле инспекциски надзор, при што податоците се прикажуваат и во табеларен преглед во формат како во Табелите 1. и 2. подолу), и сл.]

Според член 26 од ЗИН, организацијата на инспекциските служби, во Општина Свети Николе е организирана како **организациска единица за инспекциски надзор во состав на општина Свети Николе - одделение за инспекциски надзор.**

Одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе е систематизирано со работни задачи во четири области: градежништво, комуналии, животна средина и патен сообраќај.

Во извештајниот период од Јули-Декември за 2024 година , немаше никаква промена на состојбата во однос на правниот статус, раководство, надлежност, организациска структура и човечки ресурси од последниот годишен и полугодишен извештај.

**Организационата поставеност** според ситематизираните работни места и бројот на вработените инспектори во Одделението за инспекциски надзор, во 2024г.беше задоволителна во однос на потребите на локалните жители на општина Свети Николе. Во 2025година, врз основа на фактичката состојба од месец Март 2025 година, кога градежниот инспектор останува во старосна пензија, навремено ќе се размислува за соработка со други општини и ќе се изнајде механизам (преку склучување на договори за меѓуопштинска соработка, како алатка за продолжување на вршење на инспекциски надзори од областа на градежништвото, да биде покриена во целост оваа област, според барањата и потребата на граѓаните на општина Свети Николе).

Во Одделението за инспекциски надзор по систематизација утврдени се шест (6) работни места од кои во 2024 година имавме пет (5) работни позиции потполнети со вработувања, а едно(1) место е непотполнето а тоа е систематизираното работно место: Инспектор за патен сообраќај. Позицијата Инспектор за патен сообраќај иако е непотполнето со вработување работно место, работните задачи за ова место не заостануваат и се реализираат тековно од страна на раководителот на одделението за инспекциски надзор, со поседување на лиценца за инспектор за патен сообраќај, а во согласност со законот за превоз во патниот сообраќај и ЗИН .

Од вработените инспектори, сите се административни службеници со завршено високо образование и со лиценца за инспектори од 4 области (животна средина, комуналии, градежништво и патен сообраќај и тоа:

1.**Раководител на оделение за инспекциски надзор-Виш инспектор, лиценциран инспектор за патен сообраќај со бр.на службена легитимација 29-0001, (по вокација дипломиран правник)**
**2. Советник Инспектор за животна средина - 29-0002 (по вокација диа/архиртект)**
**3.Советник Комунален инспектор-29-0003 (по вокација социолог)**
**4. Советник Градежен инспектор-29-0004(по вокација градежник)**
**5. Самостоен инспектор за животна средина -29-0005(по вокација инжинер по логистика и животна средина)**

Одделението за инспекциски надзор, во овој извештаен период немаше соочувања со големи предизвици иако понекогаш се јавуваше проблем за вршење инспекциски надзори во руралните средини, бидејќи имаме малку возила во возниот парк кои се на располагање на инспекторите и не секогаш имавме достапно возило.

Инспекторите во оделението, континуирано ги вршеа своите работни задачи согласно Законите во областите за кои се вработени.

Во продолжение на извештајот е даден, индивидуален преглед за работните цели и извршени работни задачи за 2024 година за секој инспектор од одделението.

1. **Раководителот на одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор** во рамки на своите надлежности тековно ги остваруваше поставените програмски цели.

Раководителот раководеше со одделението, развиваше и обединуваше политики во рамките на делокругот на одделението за инспекциски надзор, ги координираше сите инспектори од одделението и водеше грижа за добиените барања од странки да бидат постапувани тековно и ефикасно завршени. Раководителот на одделението помагаше во толкување на законската регулатива од областа на постапување за инспекторите, а честопати и заедно со инспекторите за животна средина и инспекторот за комуналии - кога инспекторите бараа придружба од раководителот за вршење на заеднички инспекциски надзор или природата на предметот го бараше заедничкото постапување, раководителот заедно со инспекторите одеше на терен во градот и руралните средини, во инспекциски надзор по поднесени барања од странки.

Работните задачи и обврски, раководителот на одделението за инспекциски надзор ги извршуваше тековно за овој извештаен период преку следните активности:

- Координирање и давање стручна помош и совети во работењето на сите инспектори од одделението за инспекциски надзор;
- Грижа за стручното усовршување на вработените инспектори во оделението
- Грижа за работната дисциплина на вработените во одделението за инспекциски надзор;
- -Примање и распределување на сите предмети доставени до одедлението и доставување до одговорните инспектори по областа за која се бара постапување;
- Кординирање на инспекторите според програмата/годишниот план за работа и месечните планови за работа на инспекторите во одделението за инспекциски надзор за тековната година;
- Подготвување на полугодишен и годишен извештај (извештај за напредокот во спроведувањето на програмата за работа на одделението) и негово постирање на web site на општина Свети Николе како јавен документ;
- Спроведување на процесот за оценување на инспекторите вработени во одделението за инспекциски надзор ;
- Давање на предлози за политики по начелни прашања од делокруг на одделението;
- Покренување на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми во делокруг на одделението;

- Комуникација и координација со инспекциски совет и други инстанци

- Континуирано координирање со инспекторите со цел обезбедување на услови за работа, поточно обезбедување на возило од општината за вршење инспекциски надзори на инспекторите од одделението по руралните средини

- Комуницирање и соработување со другите институции/ органи /граѓански организации на локално и национално ниво;

- Вршење инспекциски надзори по поднесени барања од граѓани и според потребите на општината во надлежност на одделниeто

Според квалификациите на раководителката на одделението за инспекциски надзор и согласно ЗИН член 58 став 3 точка 4: (миниум 35 % од месечното работно време , раководителот на оделението со Б4 врши инспекциски надзори).

Раководителката на одделението за инспекциски надзор, вкупно инспекциски надзори има 37, во првиот извештаен период има реализирано 19 надзори, а во вториот 18 инспекциски надзори. Од областа на патниот сообраќај има направено 7 самостојни инспекциски надзори, 5 заеднички со полициски службеници по нивна иницијатива за соработка, додека од областа на животна средина и комунални работи по барање на инспекторите од одделението,од самостојниот инспектор и комуналниот инспектор има реализирано 20 заеднички инспекциски надзори. Заедно со советник инспекторот за животна средина има реализирано 5 инспекциски надзори, како активност од дадената препорака од предходното оценување за инспекторот.

- Раководителката на одделението за инспекциски надзор вршеше и други дополнителни активности поврзани со лиценцирање на авто такси компаниите и јавните превозници во патниот сообраќај како и други непланирани активности кои тековно се јавуваа како потреба за постапување. Раководителот на оделението како своја работна обврска, согласно ЗИН,секој месец прави месечни планови за секој нареден месец, месечен план за вршење инспекциски надзори со одреден број на надзори, за сите вработени инспектори од оделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе.

Месечните планови раководителката ги прави и доставува, секој предходен месец (на крај на месецот или на почеток на новиот месец, со планирани инспекциски надзори) и секогаш електронски ги доставува во мрежите на сите вработени инспектори во оделението, за кои месечни планови се информирани сите инспектори од одделението.

Патниот сообраќај како област го регулира раководителот на одделението за инспекциски надзор – Виш инспектор, со поседување на лиценца за општински инспектор за патен сообраќај. Согласно член 58 став 3 од ЗИН, работните задачи на раководните инспектори задолжително вклучуваат вршење на инспекциски надзор и тоа за инспектори со ниво Б4-најмалку 35 % од месечното работно време.

Раководителката, согласно материјалните закони може да врши теренски/инспекциски надзори од областа на патниот сообраќај за која има компетенции согласно: Законот за инспекциски надзор, Законот за превоз во патниот сообраќај и ЗОУП.

Раководителката поседува лиценца за инспекторка за патен собраќај и затоа за овој извештаен период се грижеше за почитување на законските обврски на превозниците на општинскиот јавен превоз и автотакси превозот, го следеше процесот со лиценцирање на авто такси превозниците и општинскиот линиски превоз, водеше евиденција за издадени лиценци за вршење јавен превоз на патници во општина Свети Николе.

Во текот на извештајниот временски период инспекторот редовно врши инспекциски надзори кај превозниците на јавниот превоз на патници, во општинскиот превоз,Палма дооел за превоз на ученици од селата и"Циле транс", кој врши превоз на патници од

седум рурални средини (Горобинци, Ерџелија, Мустафино, Кадрифаково, Амзибегово, Црнилиште и Пеширово)патници од селата до градот и назад и на ученици од селата и назад. При инспекциските надзори, во општинскиот превоз немаше утврдено пропусти.

**2.Комуналниот инспектор** при општина Свети Николе во текот на овој полугодишен/годишен извештаен период, вршеше инспекциски надзори врз основа на утврдените надлежности со: Законот за комунални дејности, Одлуката за комунален ред и мерките за нејзино спроведување, Законот за јавна чистота, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, а надзорот го врши во согласност со Законот за локалната самоуправа, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоците и други законски и подзаконски акти. Комуналниот инспектор вршеше инспекциски надзори на спроведувањето на одредбите од горецитираните закони.

Сите инспекциските надзори на комуналниот инспектор (поради здравствени причини) оправдано се реализираа со придружба на раководителот на одделението или друг инспектор најчесто инспекциските надзори комуналниот инспектор ги реализираше заедно со раководителот на одделението или со самостојниот инспектор за животна средина, во зависност од потребата од заедничко постапување. Постапувано е според поднесени поднесоци од странки. Комуналниот инспектор во овој извештаен период има реализирани 19 инспекциски надзори, односно во текот на цела 2024 година има направено 36 инспекциски надзори од кои 21 се вонредни инспекциски надзори и 15 контролни надзори поради утврдени неправилности, а 12 решенија се донесени врз основа на фактичката состојба утврдена при инспекциските надзори

За овој извештаен период, во оделението за инспекциски надзор немаме добиено забелешки или приговори од странки по основ на вршењето на инспекциски надзори од страна на комуналниот инспектор.

---

**3. Животна средина** како област ја покриваат две инспекторки за животна средина и тоа со работна позиција:

**Советник инспектор за животна средина и Самостоен инспектор за животна средина.**

Двете инспекторки се вработени во општина Свети Николе и во текот на овој полугодишен извештај вршеа инспекциски надзори врз основа на законот за животна средина. Во рамките на своите надлежности инспекторките за животна средина имаа постапувано преку:

- Вршење на инспекциски надзори над одредени состојби, согласно Законот за животна средина;
- Вршење на вонредни и контролни инспекциски надзори над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- Редовни инспекциски надзори со цел утврдување дали субјектот поседува потребна еколошка дозвола, утврдена со закон и да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Постапување по поднесоци (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби и др.) со цел разгледување и одлучување по истите;
- Составување на записници за константирани состојби и решенија со инспекциски мерки ;

- Поднесување барање за поведување прекршочна постапка согласно законот;
- Водење евиденција за извршените надзори на субјектите на надзор;
- Повремено, според потребата од комбиниран надзор, а согласно Законот за инспекциски надзор,заедно со раководителот на одделението врши вонредни инспекциски надзори од областа на животната средина.

Двете вработени инспекторки постапуваа најпрвин превентивно со известување до фирмите за нивните одговорности за поседување на Б дозволи и вршеа инспекциски надзори по основ на добиени усни и писмени барања од областа на животната средина.

Во текот на цела 2024година, инспекторките за животна средина поднесоа писмени извештаи за реализирани инспекциски надзори од кои се гледа дека од својата област, вкупно инспекциски надзори имаат направено 101 инспекциски надзори од областа на животната средина, односно според индивидуалните извештаи на инспекторките се реализирани следните надзори и тоа:

Советник инспектор за животна средина во текот на цела 2024 година има реализирани 27 инспекциски надзори, од кои 16 вонредни инспекциски надзори и 11 контролни надзори. Во овој извештаен период, а врз основа на дадената препорака при последното годишно оценување, инспекторката(советничка) за животна средина, ја почитуваше препораката и заедно со раководителката одеше на терен при вршење на инспекциски надзори од областа на животна средина и има реализирано 8 инспекциски надзори од кои 4 вонредни еден контролен, исто така инспекторката имаше спорни решенија до ДОО Македонски телекомуникации до кого инспекторката испрати 3 решенија по основ на жалба .

Самостојниот инспектор за животна средина во текот на извештајниот период има реализирано 36 инспекциски надзори од кои 17 вонредни, 17 контролни и 2 редовни, додека за цела 2024 година има направено вкупно 74 инспекциски надзори од кои 12 редовни, 29 контролни и 33 вонредни инспекциски надзори.

По барање на самостојната инспекторка за заеднички надзори, раководителката одеше заедно на терен со инпекторката. Во овој извештаен период од странките кои имаат поднесено барања за постапувања по прашања поврзани со проблеми од областа на животната средина, немаме добиено забелешки за работата на самостојниот инспектор за животна средина.

**4.Градежен инспектор**

Градежниот инспектор во текот на последните 6 месеци ретко постапуваше на терен. Градежниот инспектор е лице кој наредната 2025 година во месец Март, ќе оди во пензија. Во рамки на своите обврски требаше: да врши инспекциски надзори над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, издавање на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во Општина Свети Николе, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Северна Македонија, дали постојат одобренија и решенија за градење, дали градењето и надзорот е согласно Законот за градење, да врши надзор согласно: Закон за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за

прекршоци, Закон за постапување по преставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и др.

Градежниот инспектор, како и другите инспектори беше должен да постапува по службена должност, по месечни планови, по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица по основ на сторена повреда на Законот за градење, при изведба на објекти од втора категорија во Општина Свети Николе, но инспекторот и овој извештаен период, не работеше правилно, не постапуваше согласно годишниот план и месечните планови за работа како и по усните укажувања по основ на забелешки од странки, затоа и овој инспектор има многубројни жалби и поплаки од странки за неправилно постапување, а воедно за него се води и постапка од ОЈО и полиција за неправилно постапување за конкретен предмет од областа на градежништво .

Градежниот инспектор во рамки на овој извештај имаше реализирано многу малку инспекциски надзори.

На почеток од првите шест месеци, со прифатлива причина, бидејќи учествуваше во изборите како член во општинската изборна комисија, како и користејќи други поволности како лице над 60 години за време на летните горештини, како и поради користење на денови за стар одмор. Сето ова придонесе да има реализирано релативно малку инспекциски надзори во општината. Односно само 6 реализирани инспекциски надзори за првиот извештајниот период,додека во вториот шестмесечен период има реализирано исто така многу малку инспекциски надзори, одбивајќи да оди на терен или манипулирајќи со странките дека веќе бил на терен, но без да гфи повратно информира дека постапил, затоа и има прикажано само 9 инспекциски надзори, односно вкупно инспекциски надзори за цела 2024 година има ***реализирано 15 инспекциски надзори*** од кои 12 вонредни, а 3 контролни инспекциски надзори од планираните по годишната програма 70 инспекциски надзори.

Од областа на градежништвото во одделението за инспекциски надзор во интерната доставна книга за последните 6 месеци од годината има заведено 12 писмени барања кои ги примил градежниот инспектор преку раководителот на одделението,писмена наредба имаме добиено и од ОЈО и полициска станица за незаконско постапување по конкретен предмет за кој тековно ќе с еводи и постапка пред суд.

Табела `

*Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за [патен сообраќај] | | | | | | Инспектор за [животна средина] | | | | | | Инспектор за [комуналии] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| В1 – советник инспектор | | | | | | 0 | | | | 1 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | 1 | 1 1 | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 4 |

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во годината, по вид, возраст и звање*

| Вид | Градежен Инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | | | 1 | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | 1 | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во годината*

| Вид | Инспектор за [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## Инспекциски надзор

[Делот инспекциски надзор содржи приказ на реализацијата на годишните и месечните планови за инспекциски надзор. Во овој дел се презентираат статистички информации и податоци во табеларен преглед во формат како во Табела 3. подолу.]

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | 0 |
| 5 | **Лозово** | **1** | **1** | **2** | **4** | **1** |
| 6 | Неготино | | | | 0 | 0 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | **Свети Николе** | **2** | **48** | **32** | **82** | **32** |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | Источен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Берово | | | | 0 | 0 |
| 11 | Виница | | | | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | | | | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | | | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | 0 |
| 20 | Штип | | | | 0 | 0 |
| | Југозападен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | | | | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | | | | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | 0 |
| 26 | Охрид | | | | 0 | 0 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | | | | 0 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | | | | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редове н надзор | Вонред. надзор | Контрол . надзор | | |
| 33 | Василево | | | | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | | | | 0 | 0 |
| | Пелагониски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 40 | Битола | | | | 0 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | | | 0 | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | 0 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | 0 |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | | | | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | | | | 0 | 0 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | 0 |
| | Скопски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | | | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | | | | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | | | | 0 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | | | | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редове н надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 77 | Центар | | | | 0 | 0 |
| 78 | Чаир | | | | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | 0 |
| | ВКУПНО | 3 | 49 | 34 | 86 | 33 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

[Во делот обука на инспекторите и административните службеници се дава приказ на реализираните обуки на инспекторите, со аналитички осврт на спроведувањето на програмите за генерички и специјализирани обуки, поткрпено со табеларни и графички прикази.]

Во текот на извештајниот период од оделението за инспекциски надзор се реализирани следните обуки :

| Ден на одржана обука и учесници | финансирано | Тема на обука |
|---|---|---|
| 02.10.2024 самостојниот инспектор за животна средина | Министерсво за животна средина и просторно планирање | Управување со отпадни возила |
| 24.10.2024 самостојниот инспектор за животна средина и советник инспектор за жиувотна средина | Агенција за храна и ветеринарство | Превенција на болеста„чума кај мали преживари“ |
| 11.11.2024 самостојниот инспектор за животна средина | Општина Свети Николе | Лабораторија за отпорност |
| 25.12.2024 самостојниот инспектор за животна средина | Општина Свети Николе | Мапирање на тековни климатски настани |
| 2.12.2024 Раководител на одделение за инспекциски надзор | Квина тил Квина | Безбедност при работа |
| 3.12.2024 Раководител на одделение за инспекциски надзор | Квина тил Квина | Антикорупциски основи |
| 4.12.2024 Раководител на одделение за инспекциски надзор | ОЖОСвети Николе | Конференција:Навигација низ минатото, обликување на иднината |
| 5.12.2024 Раководител на одделение за инспекциски надзор | ЗЕЛС | Конференција:Здружени во запирање на родово-базирано насилство |

## Буџет и финансирање

[Во делот буџет и финансирање наративно се презентираат ограничувањата кои произлегуваат од финансиските ресурси. Овој дел треба да ја илустрира потребата за дополнителни средства како и поткрепа и илустрација на остварените резултати во споредба со расположливи ресурси. Во табеларен преглед се дава и краток извештај за реализацијата на буџетот на инспекциските служби според главните категории на приходи и расходи (три цифри).]

Оделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе, како и до сега, така и во текот на цела 2024 година во дел на буџетски ставки, во самата програма за работа за 2024 година имаше предвидено набавка на возило (ново или половно) со цел неприкосновено вршење на работата на инспекторите, но општината во текот на овој полугодишен извештај нема направено таква набавка.

За потребите за вршење на инспекциски надзори, посебно во руралните средини заради потребата од користење на автомобил се користеше општинско возило, кое за жал не беше секојдневно достапно поради поправка на истото или беше зафатено за потребите на друг административен работник како корисник.

Сите патни трошоци за реализирани инспекциски надзори по руралните средини или за посета на обуки на некој од инспекторите од одделнието беа реализирани од друга ставка на буџет на општината односно од секторот за нормативно правни работи.

## Меѓународна соработка

[Во делот меѓународна соработка се прикажуваат информации за меѓународната соработка и размена на искуства и најдобри практики (активности за хармонизација со законодавството на ЕУ и придонес кон евро-интеграциските процеси)]

Меѓународна соработка имаме остварено во првите шест месеци во областа за безбедноста на сообраќајот на патиштата. Соработка со други претставници од поранешните југословенски републики има остварено одделението за инспекциски надзор преку учество на меѓународна конференција за унапредување на безбедноста во сообраќајот на патишта на која присуствуваше инспекторката за патен сообраќај која се одржа во хотел Холидеј –ин-Скопје, која беше организирана од Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Друга меѓународна соработка немаме остварено.

## Други активности на инспекциската служба

[Во делот други активности на инспекциската служба се прикажуваат сите останати активности кои ги реализирале инспекциските служби, активности за зголемување на транспарентноста, употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето, унапредување и воведување на нови процедури и листи за проверки, соработка со други институции.]

Во овој извештаен период одделението за инспекциски надзор врз основа на меѓуопштинска соработка со општина Лозово, самостојниот инспектор за животна средина има направено четири инспекциски надзори. Друга соработка имаме остварено со државните инспектори од областа на животната средина и работните односи, континуирано се консултираме со Министерството за животна средина, соработуваше со претставници од Г-КОНСАЛТ ДООЕЛ Скопје со цел изработка на ЛЕАП како и со другите инспектори од другите општини, а најчесто имаше соработка со полициските служби на локално ниво.

## Заклучоци и препораки

[Во делот заклучоци и препораки се дава општа оценка на остварeноста на зацртаните цели и планови, како и конкретни и образложени препораки кои се однесуваат на инспекциските служби и на други институции.]

Според предвидените активности во годишниот план за 2024 година, за овие последни шест месеци од страна на сите инспектори од одделението беа реализирани една третина од планираните активности и инспекциски надзори. Врз основа на поднесените барања во текот на цела 2024година и постапување по службена должност беа разгледани работните активности во однос на постапувањата со инспекциски надзори и направениот целогодишен мониторинг и самоевалуација за работата на одделението и потребите од граѓаните базирани врз основа на поднесени барања и ин ицијативи за инспекциски надзори и врз основа на овој механизам, се одлучи во програмата за 2025 година да се намали бројката на планирани инспекциски надзори во месечните и годишни планови. Превентивните теренски надзори ќе се одвиваат во континуитет од страна на сите инспектори и по потреба ќе се реагира навремено до субјектите на надзори.

Даниела Панева

Раководител на оддление за инспекциски надзор

Свети Николе

09.01.2025г